Macedonian / Македонски

AEC Australian Electoral Commission

# Вашиот официјален водич за дополнителните избори 2018 во Batman

## САБОТА 17 МАРТ 2018




**BATMAN BY-ELECTION 2018**

Овој водич важи само за лицата кои се запишани да гласаат во сојузната изборна единица Batman во Викторија.

**ГЛАСАЊЕТО Е ЗАДОЛЖИТЕЛНО**
**ЗА СИТЕ АВСТРАЛИСКИ ЖИТЕЛИ НА ВОЗРАСТ НАД 18 ГОДИНИ**

Дополнителните избори во Batman ќе се одржат во сабота, 17 март 2018. Гласачките места ќе бидат отворени од 8 ч. наутро и ќе затворат точно во 6 ч. попладне.

## Зошто?

Ќе гласате за пратеник од сојузната изборна единица, Batman, во Претставничкот дом (House of Representatives). Овие избори се одржуваат откако пратеникот за Batman даде отказ.

## Кој треба да гласа?

Ако сте запишани во избирачкиот список во сојузната изборна единица Batman, тогаш сте обврзани да гласате на дополнителните избори. Ако не сте сигурни дали сте запишани во избирачкиот список во единицата Batman, треба да ги проверите вашите податоци што се запишани во избирачкиот список на **www.aec.gov.au/check**, или ако ви треба помош, телефонирајте на 13 23 26.

Границите на изборната единица за дополнителните избори во Batman се исти како и при сојузните избори во 2016.

## Што да правам ако не можам да гласам на денот на изборите?

Ако на денот на дополнителните избори за сојузната единица Batman не можете да отидете да гласате на гласачкото место, можеби ќе имате право да гласате предвреме. За повеќе информации, отидете на **www.aec.gov.au/batman** или телефонирајте на 13 23 26.

### Преку пошта

За да гласате преку пошта, можете да поднесете молба на Интернет страниците **www.aec.gov.au/pva**. Молбите исто така може да се добијат во било која канцеларија на AEC. AEC мора да ја прими вашата молба за гласање преку пошта колку што е можно поскоро и најдоцна до 6 ч. попладне (според источното мерење на времето) на 14 март 2018.

### Лично

Ако имате право да гласате предвреме, можете да гласате во центар за предвремено гласање (наведени се подолу) или во канцеларија на AEC од вторник, 27 февруари, до петок, 16 март, 2018.

Отидете на **www.aec.gov.au/batman** за да проверите на кои датуми и во кое време се отворени центрите за предвремено гласање.

**BUNDOORA**
7/2 Enterprise Drive

**HEIDELBERG**
69 Burgundy Street

**MELBOURNE**
27–29 Little Lonsdale Street

**THORNBURY**
625 High Street
704 High Street

## Што ќе се случи на гласачкото место на денот на дополнителните избори?








1. На гласачкото место, еден од службениците ќе ве праша да го кажете вашето име и презиме и адресата на која живеете, како и дали веќе сте гласале на дополнителните избори 2018 за Batman. Тој/таа ќе го штиклира вашето име во избирачкиот список.

2. Ќе добиете зелен гласачки лист за Претставничкиот дом. Треба внимателно да ги прочитате упатствата на гласачкиот лист.

3. Пополнете го гласачкиот лист. За да важи вашиот глас, мора да ставите број во **секое квадратче**.

4. Откако ќе го пополнете вашиот гласачки лист, превиткајте го и ставете го во назначената кутија за гласањето.

**Запамтете, ако ви треба помош, можете да му се обратите на некој од службениците на гласачкото место.**



## Каде?

На денот на дополнителните избори, можете да гласате на било кое гласачко место во сојузната изборна единица Batman. Конечниот список на гласачките места, заедно со списокот на  кандидатите, ќе бидат објавени во *Preston Leader* во вторник, 13 март, и во *Northcote Leader* во среда, 14 март, 2018.

При печатењето на овој водич, се уште не беа потврдени некои гласачки места. Конечните локации ќе бидат објавени и ќе можете да ги најдете на **www.aec.gov.au/batman**.

Можете да проверете како се оценува пристапливоста до гласачките места, како и да дознаете поединости за нив на **www.aec.gov.au/batman**.

За гласање на слепи лица и лица со слаб вид, телефонирајте на **13 23 26**.

## Гласачки места

**ALPHINGTON**

Alphington Primary School

**BUNDOORA**

Bundoora Secondary College

Institute for Advanced Study

Norris Bank Primary School

**CLIFTON HILL**

Clifton Hill Primary School

Spensley Street Primary School

**COBURG**

Newlands Senior Citizens Centre

**COBURG NORTH**

Newlands Primary School

**FAIRFIELD**

Fairfield Primary School

Perry Street Child Care Centre

**KINGSBURY**

Kingsbury Primary School

**NORTHCOTE**

Anglican Church All Saints Parish Hall

Batman Park Hall

Northcote High School

Northcote North Baptist Church Hall

Town Hall

Westgarth Primary School

**PRESTON**

Bell Primary School

Preston North East Primary School

Preston Primary School

Preston South Primary School

Preston West Primary School

Sacred Heart Catholic School

St Raphael's Primary School

The Pavilion School

**RESERVOIR**

Jubilee Hall Holy Name Parish

Northern School for Autism

Reservoir East Primary School

Reservoir Primary School

Reservoir Senior Citizens Centre

Reservoir Views Primary School

Reservoir West Primary School

St Gabriel's School

St Joseph the Worker Primary School

St Mark's Hall

William Ruthven Secondary College

**THORNBURY**

Penders Grove Primary School

Thornbury Primary School

Wales Street Primary School

# Што треба да направите за да важи вашиот глас

На дополнителните избори за Batman, ќе добиете зелен гласачи лист.

Ќе гласате за претставник на сојузната изборна единица, Batman, во Претставничкиот дом.

**Ставете број во секое квадратче по редослед според ваш избор.**

**Не се грижете ако направите грешка. Можете да побарате нов гласачки лист и да започнете одново.**

Можете да вежбате како да гласате на **www.aec.gov.au/practise-voting.**




Примерок на гласачки лист

**Гласањето е задолжително за австралиските жители над 18 години.**

Ако не гласате, тогаш може да ве казнат.
Ако гласате повеќе пати, правите кривичен престап.

# Други верзии на овој водич

За да побарате примерок од овој водич во некој друг формат, телефонирајте на **13 23 26** или преземете го од **www.aec.gov.au/batman**.

Ако сте глуви или имате оштетен слух или говор, контактирајте не преку National Relay Service: Корисниците на TTY треба да телефонираат на 13 36 77 и да го побараат бројот 13 23 26. Корисниците на Speak and Listen треба да телефонираат на 1300 555 727 и да го побараат бројот 13 23 26. Корисниците на Internet relay треба да се поврзат на NRS и потоа да го побараат бројот 13 23 26.

Преведени верзии на овој водич може да се најдат на арапски, кинески (упростен), кинески (традиционален), грчки, италијански, македонски и виетнамски јазик на **www.aec.gov.au/translated**.

**Телефонски преведувачки услуги**

За општи информации во врска со гласање и изборите на македонски јазик, телефонирајте на **1300 720 139**.

**www.aec.gov.au** 13 23 26

AEC Australian Electoral Commission

Authorised by the Australian Electoral Officer for Victoria, Level 8, 2 Lonsdale Street, Melbourne, Victoria

18_0981